Бранко ПАНОВ

# МИСИЈАТА НА КОНСТАНТИН ФИЛОЗОФ МЕЃУ САРАЦИНИТЕ (АРАБИТЕ)

Кон крајот на 855 година бугарскиот кнез Борис (852—889), спуштајќи се од север, навлегол длабоко во Североисточна Македонија и ја прекинал управничката дејност на Методиј во рамките на довереното „словенско кнежевство", чиешто средиште го сочинувале струмичко-брегалничките краишта, како и мисионерската работа на брат му Константин Филозоф меѓу Словените по реката Брегалница. По паничното повлекување од кнежевството, Методиј „оставајќи род и татковина, жена и деца", го напуштил засекогаш световниот живот и се упатил да живее „со светите отци" на планината Олимп во Мала Азија. Константин Филозоф, пак, откако се вратил во Цариград и кратко се задржал на царскиот двор, бил испратен од страна на византиската централна власт на нова мисионерска работа меѓу Сарацините (Арабите) во Багдад.[1]) Преку оваа мошне одговорна дипломатска мисија византискиот двор настојувал да постигне две цели: размена на заробениците и заштита на поданиците-христијани кои живееле во рамките на Арапскиот (Багдадскиот) калифат. Да му ја довери императорот Михаил III (842—867) оваа одговорна задача на Константин Филозоф секако влијаеле неговите најблиски соработници, кесарот Варда, и Фотија кои во неговото лице веќе гледале потврден мисионер, дворски човек, сестрано образован и голем христијански борец.[2])

---

[1]) Специјално за управничката дејност на Методиј и Брегалничката мисија на Константин Филозоф, види: Б. Панов, В какой области Македонии был Мефодий князем. — Actes du II congrès international des études du Sud-est Européen, II, Athènes, 1972, 367—376; B. Panov, Die Mission von Bregalnitza Konstantin des Philosophen-Kiril. — Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 3 (29), Скопје 1977.

[2]) Понова литература за Сарацинската мисија, види: И. Е. Можаева, Библиография по Кирилло-мефодиевской проблематике 1945—1974 гг, Москва, 1980, 66.

Како голема опасност за Византија арапскиот свет се наложил уште по создавањето на Арапскиот калифат во 30-те години на VII век. Во текот на VII, VIII и првата половина на IX век Византија веќе загубила повеќе свои азиски, афрички и европски владенија во продолжителните војни со Арабите. По огромните проширувања на Арапскиот калифат постоела опасност на многу христијански држави да им се наложи и мухамеданската вера. За реализирањето на таквите цели багдадските калифи овозможиле во рамките на Калифатот да се одвива еден интензивен духовен живот. Голем број учени (астрономи, математичари, филозофи и др.) целосно го посветиле своето творештво во полза на исламот.[3]) Затоа византискиот двор водел сметка кога го вклучил и Константин Филозоф во составот на дипломатската мисија. Тогаш на дворот на калифот Мутафакил (847—861) се наоѓале голем број учени луѓе и уметници. Освен тоа тука дејствувале и опитни дипломати преку кои Арапскиот калифат одржувал дипломатски врски со целиот свет: од далечната Кина па сè до Западна Европа. Затоа не случајно византискиот двор му ја доверил Сарацинската мисија на Константина, зашто тој требало да ги брани не само интересите на Византија, туку доследно да се стави во одбрана на самото христијанство.[4]) Во таа смисла говорат и вестите од Кириловото панонско житие во кои житиеписецот истакнува дека Сарацините дрско почнале да ја исмејуваат христијанската вера, барајќи притоа од императорот Михаил III луѓе со кои би полемизирале: „Агарените, наречени Сарацини, започнаа да хулат на единственото божество света Троица, велејќи: ‚Како вие христијаните, признавајќи еден бог, го разделувате него на три велејќи дека се Татко и Син и Свети дух? Ако можете тоа да го протолкувате јавно, испратете кај нас мажи што ќе можат да зборуваат за тоа и да нè убедат“.[5])

Погоден од таквите гласови, императорот Михаил III свикал собор, на кој присуствувал и Константин, и откако се обрнал до него му рекол: „Слушаш ли Филозофе што зборуваат поганите Агарени против нашата вера? Ти, бидејќи си служител и ученик на света Троица, оди и спротиви им се“. Константин Филозоф, пак, откако го ислушал императорот, изјавил: „Со радост ќе отидам за христијанската вера. Зашто има ли за мене на овој свет нешто послатко од тоа да живеам и да умрам за света Троица?“[6])

---

3) Д. Ангелов, История на Византия, I, София, 1963, 157 и сл.; F. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda slovjenskih apoštolov, II, Zagreb, 1895, 92—96.

4) F. Rački, Viek..., 93—94; Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа—Ћирила, просветитеља Словена. — Зборник за друштвене науке, 13—14, Нови Сад, 1956, 32. Види за Мутафакил: К. Босворт, Мусульманские династии, Москва, 1971, 41—42.

5) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, Пространни жития на Кирил и Методии. Подготвили за печат Б. Ст. Ангелов и Х. Кодов, София 1973, 92, 123—124.

6) Ibid., 92—93, 124.

Во научната литература сѐ уште се води полемика по прашањето околу времето кога била извршена Сарацинската мисија од Константин Филозоф.[7]) Врз база на расположливите изворни податоци засега се искристализирани две гледишта: 850—851 и 855—856 година.[8] Привржаниците на првото гледиште се потпираат главно врз соопштението од Кириловиот житиеписец со кое тој нагласува дека Константин Филозоф кога бил определен да замине на мисија кај Сарацините имал 24 години Бѣше же тогда філософь кд҃ мь лѣтωмъ[9]) Од друга страна, пак, привржаниците на второто гледиште се држат до вестите од мошне ценетата хроника на арапскиот писател Абу-Џафар Табари (839—923) кои говорат во прилог на тоа дека византиските мисионери кај Арабите дејствувале кон крајот на 855 и почетокот на 856 година.[10])

Второто гледиште е поприфатливо, зашто е во склад со настаните што се случиле во овој временски период во рамките и надвор од рамките на Византија. Имено, расположливите изворни податоци од Краткото Кирилово житие, Солунската легенда, од делото на Црноризец Храбар и др., доста убедливо сведочат дека во првата половина на 50-те години на IX век Константин Филозоф дејствувал како мисионер по реката Брегалница и дека дури по завршувањето на оваа мисија кон крајот на 855 година тој можел да замине на извршувањето на Сарацинската мисија.[11]) Од друга страна, пак, во 850—851 година беснеела војна меѓу Византија и Арапскиот калифат, па затоа во право се научниците кои сметаат дека Сарацинската мисија била извршена во 855—856 година кога било склучено примирје и кога била извршена размена на заробениците а што е во склад и со расположливите извори.[12]) Имено, вестите од Кириловото панонско житие сведочат дека во мисијата учествувал и асикрит Григориј (Принпослаше же

---

7) Најнови искажувања за тоа, види: С. Б. Берштейн, Константин—Философ и Мефодий, Москва, 1984, 48 и сл.

8) Вид.: Ю. Трифонов, Константин Философ (Св. Кирил) като царски пратеник при сарацини и хазари. — Сб. в чест на проф. Л. Милетич. София 1933, 308 и сл.; Й. Иванов, Сарацинска (арабска) мисия на Кирил—Философ. — Известия на Института за литература, XVI, София, 1965, 94 и сл; Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа—Ћирила, 32 и сл.

9) Климент Охридски, Събрани Съчинения, III, 92, 124.

10) Вид.: Ю. Трифонов, Константин Философ..., 308 и сл.; сп. и Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа—Ћирила, 32 и сл.: С, Б. Бернштейн Константин—Философ и Мефодий 49 и сл.

11) Види за тоа: Б. Панов, Дејноста на Кирил и Методиј во Македонија Сб. Кирил Солунски, 1, Скопје, 1970, 175 и сл.

12) А. А. Василев, Византия и арабы, I Спб, 54; Ю. Трифонов, Константин Философ..., 308 и сл.; F. Dvornik, Les légendes de Constantin et de Methode vues de Byzance, Prague, 1933, 85 и сл.: С. Б. Бернштейн, Константин Философ и Мефодий, 49—50.

съ нимь асѵг'кріта и Гєωргіа Полашоѵ)[13] кој бил секретар на дворската канцеларија.[14]) Овој висок византиски функционер го спомнува и Табари, нарекувајќи го „велик пратеник на Грците".[15]) Во таа смисла доста е аргументирано мислењето на Трифонов, дека дел од византиското пратеништво предводено од Георгиј останало во Киликија за да изврши размена на заробениците, а дел на чело со Константин Филозоф се упатило кон арапската престолнина[16]) тој за да ја исполни желбата на калифот Мутафакил: да влезе во полемика со арапските учени по верски и други прашања.[17])

Познавачите на Кирило-Методиевото дело се потрудиле да дадат одговор и на прашањето: како дошло до настанувањето на грешката во Кириловото панонско житие, дека Константин Филозоф кога заминал на мисионерска работа кај Сарацините имал 24 години? Сите научници што се изјасниле во прилог на 855—856 година како на време на одвивањето на Сарацинската мисија на Константин Филозоф, се еднодушни во тоа дека тогаш тој имал 29 години[17a]) и дека грешката настанала при препишувањето на житието. Во таа смисла се изјаснил и И. Огиенко, кога навел дека старословенската буква ѳ (пѣ) чија што бројчана вредност изнесувала 9, едноставно била заменета со буквата д, а која одговарала на бројката 4.[18]) Дека Константин имал 29 години кога заминал на дворот на арапскиот калиф и дека настанала грешка при препишувањето на Кириловото панонско житие, кога наместо кѳ било напишано кд „бидејќи бројчаните букви д и ѳ се блиски по форма", се искажал и Трифонов. Притоа тој нагласил дека во житието „има тенденција да се нагласи и тоа, дека

---

[13]) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, 93, 124,.

[14]) Ibid., 174, бел. 4.

[15]) Вид. Ю. Трифонов, Константин Философ..., 309. Некои учени дури дошле до сознание дека споменатиот асикрит би можел да биде Фотиј за кого што била врзана една мисија кај Сарацините. Вид.: F. Dvornik, Les légendes..., 96—97.

[16]) Ю. Трифонов, Константин Философ..., 309. Според Дворник, арапската престолнина во ова време веќе била пренесена од Багдад во Самара, мало гратче што се наоѓало на север од Багдад на источниот брег на р. Тигар (F. Dvornik, Les légendes..., 98 и сл.).

[17]) Ю. Трифонов, Константин Философ..., 309; С. Б. Бернштейн, Константин—Философ и Мефодий, 50.

[17a]) Такво гледиште, на пример, прифатиле: В. Ламанский, Славянское житие Св. Кирилла как религиозно-эпическое произведение и как исторический источник, — ЖМНП, 1903, апрель, 849 и сл.; Ю. Трифонов, Константин Философ..., 307 и сл.; I. Ogienko, Novi Cyrillo-Methodiana, Žovkva, 1913, 10; Љ. Јурковиħ, Прва дипломатска мисија Константина—Ћирила, 333 и сл.; Й. Иванов, Сарацинска (арабска) мисия на Кирил Фелософ, 91 и сл.; Iv. Dujčev, The Embassy of Constantine the Philosopher to the Arabs. — Publications of the Modern Humanities Research Association, II, 1970, 100 и сл.

[18]) I. Ogienko, Novi Cyrillo-Methodiana, 10.

[19]) Ю. Трифонов, Константин Философ..., 309.

Константин пројавувал мудрост уште во млади години".[19] Во прилог на таквото гледиште се изјаснил и Љ. Јурковиќ, кога навел дека грешката настанала поради сличноста на видот на буквите со кои се означуваат бројките 4 и 9. Според него, грешката настанала веќе при „првата транскрипција од глаголицата на црковнословенската или грчкословенската кирилица, бидејќи овие две бројки и во глаголицата се бележат со слични букви. Таа збрка можела да се случи и при евентуалното преведување на житието од грчки или пак при самото користење на грчкиот оригинал на Константиновото житие за составување на оригиналното старословенско житие, бидејќи и Грците ги пишувале бројките 4 и 9 со слични букви на грчкиот алфабет: кд = 24. а кѳ = 29".[20])

Да биде испратен Константин Филозоф на мисионерска работа кај Сарацините во Багдад, секако влијаела неговата веќе потврдена одданост кон византискиот двор како и постигнатите успеси во верската борба со бившиот иконоборски патријарх Јован VII Граматик и при извршувањето на Брегалничката мисија во Македонија. Тоа пак говори дека Константин Филозоф заедно со Методиј предано му служеле на императорот Михаил III и пред и по извршениот дворски преврат 856 година.[21]) Во таа смисла се искажал и Кириловиот житиеписец, кога ги потенцирал зборовите на императорот Михаил III упатени до Константина: „И нека бог... ти даде благослов и сила во зборот, нека те прикаже како втори Давид што со три камења го победи Голијат, и нека те врати кај нас, достоен за царството небесно".[22])

Византиското пратеништво што заминало кај Сарацините, според вестите од хрониката на Табари, се состоело од 50 души. Меѓу нив покрај големиот број слуги имало и луѓе од патрициско потекло. Размената на заробениците што ја извршил во 855 година дворскиот секретар Георгиј станала на реката Ламус на којашто имало изградено два моста. По едниот мост биле пуш-

---

20) Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина—Ћирила, 33.

21) Според Трифонов, императорот Михаил III „почнал да се меша во раководството на државните работи кога имал 15—16 години, т.е. 853—854 год. (Ю. Трифонов, Константин Философ..., 308). Ова гледиште е доста блиско со искажувањето на Георгиев и Бернштајн, дека Солунските браќа извршувале значајни државни должности за Византија и пред извршениот државен преврат (Е. Георгиев, Кирил и Методий, основоположници на славянските литератури, София 1956, 38—47; С. Берштейн, Константин-Философ и Мефодий, 39—52). Меѓутоа овие учени не се убедливи кога истакнуваат дека по државниот преврат Константин и Методиј немале поддршка повеќе од државната управа (Е. Георгиев, с.д., 46; С. Бернштейн, с.д., 51) Поисправен став по ова прашање има Јурковиќ, кога со доста аргументи се изјаснил дека Солунските браќа спаѓале во редот на приврзаниците и на новиот режим во Византија, што дошол на власт по превратот од 856 г. Меѓутоа, тој не е убедлив кога вели дека Константин Филозоф не соработувал со претходниот режим, а посебно со логотетот Теоктист (Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа-Ћирила, 30—34).

22) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, 93, 124.

тани византиските заробеници, а по другиот арапските; притоа се гледало да не се пуштат стари и болни заробеници, туку здрави и силни.[23]) Инаку, ваква практика на размена на византиски и арапски заробеници постоела и порано, кога Сарацините поминувајќи низ едниот мост извикувале: „Алах е велик“, а Византијците пак што поминувале по другиот мост пееле: „Господи помилуј“.[24])

Додека уште траела долгата процедура околу размената на заробениците на реката Ламус, дел од византиските мисионери на чело со Константин Филозоф се упатиле кон арапската престолнина Багдад. Само што пристигнале во градот Константин и неговите придружници се соочиле со „чудни и гнасни нешта“ кои Сарацините ги создале за „подсмев на христијаните што живееле во тие места“. Константиновиот житиеписец истакнува дека биле испишани ликови на демони однадвор „по вратите на сите христијани“ со цел да се подигруваат со нив. И кога „безбожните Агарени“ го запрашале Константина: „Можеш ли, Филозофе, да разбереш каков знак е тој?“ тој им одговорил: „Гледам демонски ликови и сметам дека внатре живеат христијани, а демоните, не можејќи со нив да живеат, бегаат надвор од нив“.[25]) Во овој временски период низ целиот Багдадски калифат по наредба на калифот по вратите на сите христијански куќи биле поставени ѓаволски фигури од дрво со цел сите тие да се изложат на потсмев и уништување.[26])

Дипломатската способност и сестраните филозофско-богословски знаења на Константин Филозоф особено дошле до израз на ручекот со арапските „мудри и книжевни луѓе“, за кои неговиот житиеписец нагласува дека мошне добро ги познавале геометријата, астрономијата и другите науки.[27]) На оваа официјална средба не присуствувал арапскиот калиф Мутафакил, зашто нему како на голем непријател на христијаните не му допуштало достоинството да седи на истата трпеза со заштитниците на Христовото учење.[28]) Со арапските соговорници Константин Филозоф главно полемизирал по прашањето околу христијанскиот монотеизам, навлегувајќи притоа длабоко во суштината како на христи-

---

[23]) Вид.: А. Васильев, Византия и арабы, I, приложение IV, 54; Ф. И. Успенский, История Византийской империи, II, 1, 1913, 293 и сл.; Ю. Трифонов, Константин Философ..., 308.

[24]) F. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, 92.

[25]) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, 93, 124; сп.: Ю. Трифонов, Константин Философ..., 315—316.

[26]) Ю. Трифонов, Константин Философ..., 315—316; Е. Георгиев, Кирил и Методий, истината за създателите на българската и славянска писменост. София 169, 39.

[27]) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, 93, 124); сп.: Ю. Трифонов, Константин Философ..., 316—318; Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа-Ћирила, 36.

[28]) Ю. Трифонов, Константин Философ..., 316.

јанското, така и на мухамеданското учење. Притоа неговиот житиеписец со нагласеност истакнува дека тој во сè ги надминал своите соговорници и откако од нив изнудил и признание: „Како знаеш сè?", се вратил „здрав во својата земја".[29]) И покрај таквите известувања од житиеписецот, Ф. Рачки се искажал дека Константин Филозоф се вратил во византиската престолнина „без особен успех. бидејќи таков било тешко да се постигне кај исламските фанатици".[30]) Спротивно мислење има Љ. Јурковиќ, кога се изјаснил дека „Константин кај Арабите секако постигнал значајни успеси и ги покажал своите вонредни дипломатски способности".[31]) Во последно време како „победител" над арапските учени — соговорници, Константин е окарактеризиран и од С. Бернштејн.[32])

Branko PANOV

## THE MISSION OF KONSTANTIN PHILOSOPH AMONG THE SARACENES


### Summary

After his return to Constantinople Konstantin Philosoph took a new missionery duty among the Saracenes (Arabs). By creation of the Arabic Califat a lot of scholars, astronomers mathematicians, philosophers etc., devoted their creation on the behalf of the Islam. That is why Byzantium was very careful to include Konstantin Philosoph in the diplomatic mission. Then, in the courtyard of the calif Mutafakil (847—861) there were a big number of scholars and artists. The Arabic Califat had very good relations with many countries all over the world, from the distant China to Western Europe.

Konstantin Philosoph mainly had polemics concerning the question about the Christian Monotheism, studying deeply the essence of both Christian and Islam Learning. F. Rački said that Constantin Philosoph came back to the Bysantium throne, „with no success, as it was very hard to achieve it with the Islamic fanatics." But Lj. Jurković had an opposite meaning when he pointed out that Konstantin Philosoph had a great success among the Arabs.

The author has given a good description and comments of the whole mission of Konstantin Philosoph during his diplomatic mission and activity among the Saracenes.


---

29) Климент Охридски, Събрани съчинения, III, 93, 124.

30) F. Rački, Viek i djelovanje Sv. Cyrilla i Methoda, 96.

31) Љ. Јурковић, Прва дипломатска мисија Константина Филозофа-Ћирила 37.

32) С. Бернштейн, Константин-Философ и Мефодий, 51.